Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас
НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror
NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

ул. Булевар Цвета Шилиев-Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-6134/1
16 11 20 26 год. viti.
Скопје-Shkup

До: **Општина Демир Капија,**
Градоначалник на Општина Демир Капија
Ул.„11-ти Октомври“ бб
14420 Демир Капија

ПРЕДМЕТ: Јавна Презентација на изработен План за обновување на условите за егзистенција за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција

Почитувани,

НОМАГАС АД Скопје Ве известува дека во рамки на реализацијата на проектот „Интерконективен гасовод Северна Македонија – Грција“, а согласно барањата и политиките на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), изработен е План за обновување на условите за егзистенција, кој ги опфаќа социо-економските аспекти поврзани со пристапот до земјиштето, како и мерките за избегнување, ублажување и управување со потенцијалните негативни влијанија врз засегнатите лица и локалното население.

Со цел запознавање на засегнатите страни со содржината на Планот, неговите цели, предвидените активности и мерките за управување со влијанијата, потребно е да се организира состанок во просториите на Општината на кој истиот ќе биде презентиран и дискутиран.

Поради наведеното Ве молиме да се организира состанок во просториите на Општината на ден 24 ноември 2026 година, во 10:00 часот.

Имајќи ја предвид важноста на проектот, како и потребата од транспарентност, информираност и активно вклучување на сите засегнати страни, Ве молиме да обезбедите присуство на поголем број претставници на состанокот.

Предлагаме да присуствуваат претставници од Општината, особено од одделенијата за урбанизам, економски развој и животна средина, претставници на локалното население, подрачното одделение на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, подрачно одделение на ЈП за стопанисување со пасишта, Меѓуопштински центар за социјална работа, подрачна единица - Центар за вработување, претставници на невладини организации, здруженија на жени и други локални здруженија и асоцијации кои можат да придонесат во дискусијата и процесот на консултации.

Од наша страна, на состанокот ќе учествуваат претставници на НОМАГАС АД Скопје, претставници од изведувачот и надзорот над изградбата, како и експерт од областа на животната средина и социјалните аспекти.

За дополнителни информации, Ве молиме да не контактирате на е-пошта: ljupka.jankuloska@nomagas.com.mk и contact@nomagas.com.mk или на телефонските броеви: 02/6090-137 и 075/333-916.

Со почит,

Изработил/Одобрил: Љупка Јанкулоска

НОМАГАС АД Скопје / NOMAGAS SH.A. Shkup
Извршен директор / Drejtor ekzekutiv
Недим Рама / Nedim Rama